**УНИБанка АД С К О П Ј Е**
Ескпозитура: __________

**ФОРМУЛАР**
**ЗА ПРЕДДОГОВОРНИ ИНФОРМАЦИИ (ПОДАТОЦИ) ЗА ПОНУДЕНИТЕ КРЕДИТНИ УСЛОВИ ЗА ONLINE ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ**

1. **Податоци за кредиторот/кредитниот посредник**

| **ПОДАТОЦИ ЗА КРЕДИТОРОТ** | |
|---|---|
| Колона 1 | Колона 2 |
| Назив на кредиторот | Универзална Инвестициона Банка АД Скопје |
| Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | ул.Максим Горки бр.6 Скопје |
| Број на телефон* | |
| Електронска пошта* | |
| Факс* | |
| Интернет - страница* | |

* Овие информации не се задолжителни за кредиторот/кредитниот посредник

2. **Податоци за кредитниот производ**

| Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|
| Вид на кредитот | Ненаменски потрошувачки кредит |
| Вкупен износ на кредитот кој што вклучува:<br>– валутата во која е изразена главницата или за која е поврзана главницата,<br>– вкупен износ во денари, за кредитите одобрени во денари. | Денари<br><br>1.500.000,00 |
| Услови за искористување на кредитот (како и кога ќе се се врши исплата на средствата врз основа на кредитот) | Еднократно, по комплетирање на договорите и останатата исплатна документација. |
| Траење на договорот за кредит | Рокот на важност на договорот за кредит е до целосното измирување на обврските по конкретниот кредит. |

| | |
|---|---|
| Износ на поединечните плаќања, и онаму каде е релевантно за видот на кредитот, број на ратите, динамика или редоследот на пристигнување на ратите коишто треба да се платат | ❖ износ на кредит=1.500.000,00 мкд<br>број на рати = 95<br>редослед на плаќања = еднакви месечни рати<br><br>каматна стапка 4,3%<br>износ на рата=18.698,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=276.253,00 мкд<br><br>каматна стапка 6,3%<br>износ на рата=20.155,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=414.749,00 мкд<br><br>каматна стапка 4,5%<br>износ на рата=18.840,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=289.842,00 мкд<br><br>каматна стапка 6,5%<br>износ на рата=20.305,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=428.923,00 мкд<br><br>каматна стапка 5,5%<br>износ на рата=19.564,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=358.603,00 мкд<br><br>каматна стапка 7,5%<br>износ на рата=21.061,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=500.821,00 мкд<br><br>каматна стапка 7%<br>износ на рата=20.681,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=464.676,00 мкд<br><br>каматна стапка 9%<br>износ на рата=22.226,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=611.524,00 мкд<br><br>каматна стапка 9,3%<br>износ на рата=22.464,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=634.043,00 мкд<br><br>каматна стапка 11,3%<br>износ на рата=24.082,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=787.807,00 мкд<br><br>каматна стапка 12%<br>износ на рата=24.663,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=843.000,00 мкд<br><br>каматна стапка 13%<br>износ на рата=25.506,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=923.078,00 мкд |
| | ❖ Пензионери - износ на кредит=300.000,00 мкд<br>број на рати = 60<br>редослед на плаќања = еднакви месечни рати<br><br>каматна стапка 13%<br>износ на рата=6.851,00 мкд (фиксна)<br>износ на вкупна камата=111.060,00 мкд |

| | |
|---|---|
| Гаранции за кредитот, доколку е применливо<br><br>(опис на инструментот за обезбедување којшто се бара од потрошувачот за склучување договор за потрошувачки кредит) | **Обезбедување**<br>• договор за кредит,<br>• до еден (1) жирант/гарант,<br>• полиса за ризико осигурување на живот на кредитокорисникот, винкулирана во корист на Банката<br>• согласност за административни забрани од барател/жирант/гарант.<br>*не е задолжителна административна забрана од гарант/жирант<br><br>**Услов за прифаќање на жирантите**<br>• да се на возраст над 23 години до 64 години за мажи и 62 години за жени, вклучувајќи го периодот за отплата на кредитот,<br>• да се вработени на неопределено време во работен однос минимум 3 месеци или вработени на определено време во работен однос во актуелната компанија, во континуитет минимум 6 месеци, се третираат како вработени на неопределено време,<br>• доколку кредитобарателот е од приватен сектор, жирантот да е вработен во различна институција од барателот,<br>• да има плата повисока од законски утврдената минимална плата,<br>• Согласно последни важечки податоци во кредитен регистар на ниво на банкарски сектор се категоризирани во ризична категорија А или Б, без отпишани побарувања и/или побарувања кои се во постапка кај извршител,<br>• нема посебен услов за исполнување во поглед на изложеноста.<br>*не е задолжителна административна забрана од гарант/жирант<br><br>**Услов за прифаќање на гарант**<br>• работоспособно лице/ пензионер<br>Вработено лице или пензионер до 65 години старост, вклучувајќи го и рокот на кредитот, кое приложува извод од платежна сметка кај што прима плата/пензија, кои согласно последни важечки податоци од кредитен регистар на ниво на банкарски сектор се категоризирани во ризична категорија А или Б, без отпишани побарувања и/или побарувања кои се во постапка кај извршител. |
| Посебна сметка на која се евидентираат уплатите и исплатите врз основа на кредитот, доколку е применливо | Доколку имате активна платежна сметка во Банката, истата се користи за евидентирање на уплатите и исплатите врз основа на обврските по кредитот, односно не е задолжително да се отвори посебна платежна сметка за таа намена. |

| | |
|---|---|
| Обврска за склучување договор за дополнителни услуги, доколку склучувањето на таквиот договор претставува услов за добивање на соодветен тип на кредитен производ согласно тарифата на БАНКАТА | КРЕДИТОКОРИСНИКОТ се задолжува да склучи Договор за осигурување на живот за случај на смрт за целовреметраење на овој кредит, со Осигурувач чиј застапник е БАНКАТА, пред исплата на кредитот да достави на БАНКАТА документ за извршено плаќање на пресметаната премија за купување полиса за ризико осигурување на живот винкулирана во корист на БАНКАТА, во спротивно е согласен БАНКАТА во негово име и од негова платежна сметка наменски да префрли дел од одобрениот износ на овој кредит за купување на истата. |

## 3. Податоци за трошоците за кредитот

| Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|
| Вид на каматната стапка | Фиксна |
| Кредиторот/кредитниот посредник е должен на потрошувачот да му го соопшти видот на каматната стапка и да му даде објаснување што означува таа каматна стапка, како и периодите, условите и постапка за промена на каматната стапка | ***Фиксна каматна стапка*** е стапка која се определува со одлука на Банката и не се менува во периодот на отплата на кредитот. |
| Кредиторот/кредитниот посредник е должен да го информира потрошувачот дали за промената на каматната стапка е потребна согласност од потрошувачот | НЕ е потребна, согласно договор. |
| Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | |

| | |
|---|---|
| Висина на договорената каматна стапка (изразена во % на годишна основа)<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, овие информации се наведуваат за секоја каматна стапка | Висината на договорената каматна стапка се одредува согласно **Скоринг моделот за потрошувачки кредити** кој врз основа на податоци за клиентот поврзани со кредитната изложеност, кредитна историја на барателот и неговите поврзани лица, вработување, остаток на доход, го одредува неговиот скоринг, при што<br>• **За клиенти со скоринг 1:**<br>- 4,3% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 6,3% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>• **За клиенти со скоринг 2**:<br>- 4,5% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 6,5% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>• **За клиенти со скоринг 3:**<br>- 5,5% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 7,5% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>• **За клиенти со скоринг 4:**<br>- 7% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 9% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>• **За клиенти со скоринг 5:**<br>- 9,3% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 11,3% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи. |

| | |
|---|---|
| Висина на договорената каматна стапка (изразена во % на годишна основа)<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, овие информации се наведуваат за секоја каматна стапка | • **За клиенти со скоринг 6:**<br>- 12% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при исполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>ИЛИ<br>- 13% на годишно ниво, фиксна за целиот период, при неисполнување на условот за редовни месечни приливи.<br>• **За клиенти со скоринг 7:**<br>- 13% на годишно ниво, фиксна за целиот период<br>• **За клиенти со скоринг 8 и пензионери:**<br>- 13% на годишно ниво, фиксна за целиот период. |
| Годишна стапка на вкупни трошоци (СВТ) изразена во % на годишно ниво претставена преку репрезентативен пример.<br><br>При пресметката на СВТ кредиторот не го вклучува износот на трошоците кој не му е познат, но е должен тоа јасно да го наведе<br><br>Вкупен износ што го плаќа потрошувачот (збир на кредитот и вкупните трошоци за кредитот, односно сите трошоци, вклучувајќи камати, провизии, други надоместоци, кои потрошувачот треба да ги плати при одобрувањето и редовна отплата на кредитот и кои му се познати на кредиторот, освен нотарските трошоци, а со вклучување на трошоците за дополнителни услуги поврзани со договорот за кредит, доколку користењето дополнителни услуги е задолжително за одобрување на кредитот или за негово одобрување под назначените услови и доколку му се познати на кредиторот) | Вкупен износ којшто го плаќа потрошувачот:<br><br>❖ Вкупна главница = 1.500.000,00 мкд<br>❖ број на рати = 95<br>❖ каматна стапка 4,3%<br>висина на СВТ=5,223%<br>вкупна камата=276.253,00 мкд<br>❖ каматна стапка 6,3%<br>висина на СВТ=7,363%<br>вкупна камата=414.749,00 мкд<br>❖ каматна стапка 4,5%<br>висина на СВТ=5,435%<br>вкупна камата=289.842,00 мкд<br>❖ каматна стапка 6,5%<br>висина на СВТ=7,580%<br>вкупна камата=428.923,00 мкд<br>❖ каматна стапка 5,5%<br>висина на СВТ=6,502%<br>вкупна камата=358.603,00 мкд<br>❖ каматна стапка 7,5%<br>висина на СВТ=8,667%<br>вкупна камата=500.821,00 мкд<br>❖ каматна стапка 7%<br>висина на СВТ=8,122%<br>вкупна камата=464.676,00 мкд<br>❖ каматна стапка 9%<br>висина на СВТ=10,319%<br>вкупна камата=611.524,00 мкд<br>❖ каматна стапка 9,3%<br>висина на СВТ=10,652%<br>вкупна камата=634.043,00мкд<br>❖ каматна стапка 11,3%<br>висина на СВТ=12,897%<br>вкупна камата=787.807,00 мкд<br>❖ каматна стапка 12%<br>висина на СВТ=13,693%<br>вкупна камата=843.000,00 мкд<br>❖ каматна стапка 13%<br>висина на СВТ=14,839%<br>вкупна камата=923.078,00 мкд<br><br>➢ Вкупно трошоци и надомести (административен трошок за разгледување, обработка на барање и надомест за одобрување и премија за осигурување)=без административен трошок и провизија |

| | |
|---|---|
| | Пензионери<br>❖ Вкупна главница = 300.000,00 мкд,<br>❖ број на рати = 60<br>❖ каматна стапка 13%<br>висина на СВТ=19,258%<br>вкупна камата=111.060,00 мкд<br>➢ Вкупно трошоци и надомести (административен трошок за разгледување, обработка на барање и надомест за одобрување и премија за осигурување)=без административен трошок и провизија |
| Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | **Трошоци кои се вклучени во пресметаната СВТ:**<br>– еднократен административен трошок за разгледување и обработка на барање, во износ 850,00 мкд – не се наплаќа,<br>– еднократен надомест за одобрување 2% на одобрениот износ – не се наплаќа.<br>– премија за осигурување на кредити со Ризико полиса 44.856,00 мкд/30.000,00 мкд (пензионери)*<br>** Висината на премијата за осигурување е во зависност од износот на кредитот, рокот на отплата, возраст на клиентот и сл.*<br>**Во пресметаната СВТ не се вклучени следниве трошоци, коишто треба да ги платите:**<br>– трошоци поврзани со неисполнување или ненавремено исполнување на обврските од договорот за потрошувачки кредит;<br>– надоместок за активирање на обезбедување во износ од 300,00 денари согласно Тарифата на Банката.<br>– трошоци, освен куповната цена, што ги плаќа потрошувачот при купувањето на стоката или користењето на услугата, без оглед на тоа дали плаќањето се врши во готовина или на кредит;<br>– трошоци за проценка на вредноста на инструментот за обезбедување, согласно Тарифа на проценители, доколку овие трошоци се предвидени за кредитниот продукт;<br>– нотарските услуги, согласно нотарска Тарифа, доколку овие трошоци се предвидени за кредитниот продукт;<br>– трошоци за осигурување на инструментот за обезбедување, согласно Тарифа на осигурителната компанија, доколку овие трошоци се предвидени за кредитниот продукт. |

| | |
|---|---|
| Каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања, изразена во % на годишна основа, услови за нејзина промена | За пропуштање рок за плаќање/задоцнето плаќање ќе ви се наплати максимално дозволената казнена стапка, која во моментот изнесува 13,55% на годишна основа.<br>Висината на стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на референтната стапка (каматната стапка на благајничките записи) што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени. |
| Предупредување за последиците од неплаќање на ратите | Во случај на ненавремено подмирување на обврските по кредитот, согласно Законот за облигациони односи и Законот за извршување, банката има право вкупните побарувања по кредитот (главница, камата, трошоци) да ги смета за целосно доспеани и да поведе постапка пред надлежен орган за присилна наплата на побарувањето.<br><br>Податоците за достасаните, нефункционалните или отпишаните побарувања може да бидат пренесени на трето лице за целите на продажба. |

**4. Останато**

| Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|
| Имате право да се откажете од договорот за потрошувачки кредит, во определен рок | Потрошувачот може да се откаже од договорот за кредит во рок од 14 дена, без да наведува причина за откажувањето. Рокот на откажување започнува да тече:<br>– од денот на склучувањето на договорот или<br>– од денот кога потрошувачот ги добил условите и информациите од договорот, доколку тој ден е подоцна од денот на склучувањето на договорот.<br><br>Доколу потрошувачот го искористи правото на откажување од договорот за кредит, треба:<br>– да го извести кредиторот во писмена форма за откажување на договорот за кредит, пред истекот на рокот од 14 дена и<br>– да ја плати главнината и каматата за периодот од искористувањето на кредитот до денот на плаќање на главнината, веднаш но не подоцна од 30 дена од денот на известувањето на кредиторот за откажувањето од кредитот. Каматата се пресметува врз основа на договорената каматна стапка. Кредиторот има право на надоместок на неповратните трошоци платени во врска со договорот за кредит кон јавни или државни органи.<br><br>Доколку кредиторот или трета страна, врз основа на договор за дополнителни услуги, даваат дополнителни услуги во врска со договорот за кредит, потрошувачот не е обврзан со таквиот договор, ако го искористил своето право на откажување од договорот за кредит. |

| | |
|---|---|
| Имате право на целосна или делумна предвремена отплата на кредитот, а кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ја соопшти висината на надоместокот кој треба да го платите и начинот на неговото одредување | Банката не наплатува надоместок за предвремена отплата на кредит. |
| Раскинување на договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ги соопшти правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит) | Потрошувачот може да го раскине Договорот со доставување на писмена изјава, во рок од 14 дена од плаќање на првата рата, доколку Договорот не ги содржи законски пропишаните задолжителни елементи. Во случај на раскинување на Договорот, во рок од 7 дена од доставување на изјавата во Банката, КРЕДИТОКОРИСНИКОТ е должен да го врати кредитот, односно искористениот дел од кредитот. |
| Ако по поднесеното барање за кредит, барањето се одбие заради добиените информации од бази на податоци, имате право, кредиторот, односно кредитниот посредник веднаш и бесплатно да ве информира за тие информации и за начинот на кој ги прибавил информациите. Овие информации се даваат во сите случаи, освен ако давањето на информациите е забрането со закон. | Во случај барањето за кредит да е одбиено врз основа на податоци добиени од базите на податоци на Р. С. Македонија, Банката доставува известување до потрошувачот за причината. |
| Право на бесплатна копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави нацрт - договор доколку кредиторот/кредитниот посредник во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит) | Банката на барање на потрошувачот, бесплатно му доставува пример од копија од предлог - договорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави предлог - договор доколку Банката за време не поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит. |
| Рок во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации, доколку е применливо. | Информациите дадени во формуларот можат да се променат во согласност со позитивните законски прописи, актите на деловната политика, како и врз основ на спроведената анализа на кредитната способност на клиентот. |

Дата на предавање на формуларот: __________